## ЗАПИСНИК ОД ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА ЛЕСС БИТОЛА

**Одржана на 28.03.2022 во 13:00 часот (вторник)**

Третата седница на Локалниот Економско Социјален Совет на Општина Битола се одржа на 28.03.2023 (вторник) во Општина Битола, со почеток во 13.00 часот.

Седницата ја водеше претседавачот на ЛЕСС, Гордана Балтовска. Присутни 16 членови на ЛЕСС (прилог список за присуство).

**Дневен ред**

1. **Усвојување на записникот од втората седница**
2. **Разгледување на заклучоците од записникот од втората седница на ЛЕСС**
3. **Информација во врска со изготвувањето на Стратегијата за локален економски развој**
4. **Усвојување на Извештајот, стратешкиот план и акцискиот план за работа на ЛЕСС 2023 – 2025 година, кој електронски беше доставен до сите членови на ЛЕСС Битола**
5. **Учество на ЛЕСС Битола во организација на „Саем за кариера" на 26 април 2023 година**
6. **Разно**

Имајќи го предвид присуството на новите номинирани членови во ЛЕСС од Македонското научно друштво и Центарот за социјална работа, претседавачот на ЛЕСС, Гордана Балтовска, седницата ја започна со претставување на присутните.

Од страна на претседавачот Балтовска, беше констатирано дека, присутни се 8 членови од претставниците на потписниците на Спогодбата на ЛЕСС (Општина Битола и Совет на општината, КСС, ССМ и Организација на работодавачи), со што е исполнет условот за донесување на одлуки.

Дневниот ред беше едногласно усвоен и се пристапи кон разгледување на точките од истиот.

Во врска со **Точка 1 Усвојување на записникот од втората седница,** Балтовска информираше дека, записникот е прецизно изготвен и навремено доставен до сите членови на ЛЕСС, при што не се доставени забелешки по однос на истиот. Имајќи го предвид наведеното, точката ја стави на гласање, при што записникот беше едногласно усвоен.

Во врска со **Точка 2 Разгледување на заклучоците од Втората седница, Балтовска,** пристапи кон поединечно разгледување на точките:

Во врска со заклучокот 1: **Усогласување на Деловникот со дадените забелешки,** констатирано беше дека, во Деловникот се внесени бараните измени, по истиот не се доставени забелешки со што се потврдува неговото усвојување и истиот станува акт за работа на ЛЕСС.

Во овој контекст, Балтовска потенцира и дека согласно член 4 од Деловникот, но имајќи предвид дека, претставникот на КСС, Зоран Михајловски е назначен за директор на ЈППЈЛП, потребно е да биде номиниран нов член на негово место, за што побара од страна на ЛЕСС да биде доставено официјално писмено барање до КСС.

Во однос на точка 2: **До 05.12.2022 собирање на податоци по однос на прирачниците од УСАИД за Стратегијата за локален економски развој,** Балтовска се заблагодари за доставените информации и активната вклученост на членовите на ЛЕСС, посебно до формираната комисија за изготвување на Стратегијата, што се однесува и на точка **3: Активно учество на комисијата во изготвување на Стратегијата.**

Во овој контекст, побара образложение од секретарот на ЛЕСС, Цветанка Ристевска, за досегашниот процес, за што Ристевска извести дека: во досегашниот период со поддршка од Стопанската комора, Центарот за вработување, невладиниот сектор, спроведените анкети за јавноста и бизнис секторот, обезбедените информации од Завод за статистика, Централен регистар и Управа за јавни приходи, како и соработката со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, пополнети се прирачниците, согласно насоките и менторската поддршка од УСАИД, изготвена е SWOT анализа, утврдена е Визија и стратешки цели и во моментот се изготвува акцискиот план со шемата на финансирање.

Балтовска се заблагодари на сите вклучени во процесот, како и на тимот од општинската администрација, кој успешно го води овој процес.

Од страна на Никола Димковски од Стопанската комора, беше нагласено дека ќе бидат доставени и дополнителни податоци од денешната работилница на тема „Анализа на побарувачката на вештини во 5 плански региони", а Јешим Сејфуловска, исто така дополни дека се очекува да биде изготвена новата анализа на Агенцијата за вработување, со што ќе се добијат најнови податоци за анализата на потребите на пазарот на трудот во Битола.

Во врска со точка 3 од заклучоците, **до 07.12.2022 достава на предлози за изготвување на акционен план на ЛЕСС (предлог, активност, индикатор, резултат, одговорен, временска рамка),** Балтовска констатира дека, роковите се испочитувани, предлозите се доставени и изготвен е извештај за работата на ЛЕСС и акциски план.

Во врска со точка 4: **Покана за член од ЦСР за учество во комисијата за изготвување на Стратегијата,** Балтовска, нагласи дека Центарот за социјална работа е вклучен преку присутниот претставник, Тони Дранговски.

Во врска со точка 4: **Покана до Здружение на пензионери и Македонско научно друштво за учество во работата на ЛЕСС Битола,** Балтовска нагласи дека, покани се испратени, при што МНД за член ја номинира Мимоза Богданоска Јовановска, додека, Здружението на пензионери, иако изрази интерес, нема официјално номиниран член. Љупчо Василевски од

ССМ, истакна дека во разговор со претседателката на Здружението, Даница Петличкова, бил информиран дека ќе биде назначен член.

Во врска со точка 5: **Учество на членови на ЛЕСС во изготвување на други стратешки документи на општината,** Балтовска нагласи дека има учество од страна на членовите, а во врска со точка 6 **Присуство на членови на ЛЕСС на настаните организирани од МКЦ (29.11.2022 во Гостивар, 06.12.2022 во Свети Николе и 22.12.2022 во Скопје),** членови на ЛЕСС присуствуваа на овие настани, што е потврдено и со наративен и фотографски материјал во Извештајот за ЛЕСС, а соработката со МКЦ продолжува.

Согласно наведеното, Балтовска констатира дека, заклучоците од точка 2 од дневниот ред се во целост исполнети, при што точката ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена.

Во врска со точка 3: **Информација во врска со изготвувањето на Стратегијата за локален економски развој,** збор зеде, заменик претседавачот на ЛЕСС и секретар на општина Битола, Борче Димитровски, кој нагласи дека, општината нема стратегија за локален економски развој од 2018 година, поради што неопходно е изготвување на овој стратешки документ, кој е од големо значење за општината. Тој побара од сите присутни, додека траат координативните активности, максимално да се вклучат со предлози, а исто така и по изготвувањето на документот, истиот во нацрт верзија ќе биде доставен до сите членови на ЛЕСС, кои ќе имаат можност да извршат евентуални корекции пред истиот да се даде на усвојување од страна на Советот на општина Битола, што е предвидено да биде во јуни.

Љупчо Василевски од ССМ, даде забелешка дека пет години е долг период, можеби Стратегијата треба да се изготви на пократок рок, за што Балтовска информираше дека, во моментот се работи по насоките на УСАИД и дека стратешките документи се изготвуваат на подолг рок, а доколку се појави потреба истите може да се ревидираат.

Балтовска нагласи дека, Стратегијата мора да биде усвоена од членовите на ЛЕСС, пред истата да биде дадена на усвојување од Советот на општина Битола. Точката беше ставена на гласање и едногласно усвоена.

Во врска со точка 4: **Усвојување на Извештајот, стратешкиот план и акцискиот план за работа на ЛЕСС 2023 – 2025 година, кој електронски беше доставен до сите членови на ЛЕСС Битола,** Балтовска, потенцира дека во Извештајот е нагласено што сработи ЛЕСС во досегашниот период, додека, акцискиот план е изработен врз основа на сите доставени предлози, изразени усно и електронски, така што истите беа доставени на мејл, до сите членови и не се дадени забелешки.

Заменик претседавачот, Борче Димитровски, нагласи дека, како што беше договорено и на конститутивната седница, дека сите заеднички покажуваме функционалност, истото се потврдува, затоа што акцискиот план е изработен низ транспарентен и отворен процес, со активности прилагодени во рамки на можностите на општината.

Балтовска потенцира дека, земени се предвид сите аспекти кои се возможни и се однесуваат на директни активности на општината и изрази задоволство што се дадени многу предлози. Таа додаде, дека голем дел од активностите веќе се реализираат, како: Изготвување на стратегија за локален економски развој, универзитетска пракса, јавен повик за пристап до домовите на лицата со попреченост, ангажирање на ранливи категории за јавни работи и други активности.

Во овој контекст, Мимоза Богданоска Јовановска од МНД, даде пофалби за активната вклученост на граѓанскиот сектор и дека општина Битола и ЛЕСС Битола, се пример во државата за ваквата соработка што посебно треба да се истакнува. Ова беше потврдено и од Мери Нашоку од МКЦ Битола. Богданоска Јовановска нагласи дека, како еден од проектите добро е да се вклучи проектот за чиста вода за пиење за Трново – Магарево, за што со вклучување во дискусијата на другите присутни и дополнително образложение од советникот Борче Корлевски, беше заклучено дека проектите од овој тип може да бидат дел од општинските програми или други стратешки документи.

На крај беше заклучено дека нема забелешки по однос на извештајот и акцискиот план и истите треба да бидат точка на дневен ред на Седницата на Советот на општина Битола во месец април. Точката беше едногласно усвоена.

Во врска со точка 5 **Учество на ЛЕСС Битола во организација на „Саем за кариера" на 26 април 2023 година,** Балтовска нагласи дека овој настан за првпат се организира со вклучување на 5 субјекти: ЛЕСС – Општина Битола, УКЛО, Центар за вработување, Стопанска комора и невладин сектор. Носител на настанот е универзитетот, за што збор зеде Гоце Марковски од УКЛО Битола.

Тој нагласи дека, ова е одлична можност, после излегувањето од корона зоната да продолжи традицијата на Универзитетот за организација на отворен ден – денови за кариера.

Марковски информираше дека, според првичниот план настанот ќе биде на 25 април од 12-18 часот. Остварена е посета на средните училишта, се разговара со музички групи, а од општината ќе биде побарана поддршка од штандови, пултови, рампа, бина и озвучување. Исто така, на настанот ќе бидат доделени благодарници за општествено одговорни компании.

Балтовска побара појаснување за концептот на саемот, дали истиот ќе биде за тоа каде ќе учат или каде ќе работат, соодветно целните групи? На ова се надоврза и Жарко Краус од КСС, кој праша дали станува збор за кариерно напредување или професионално вработување? Од страна на членовите во организацискиот дел, беше образложено дека станува збор за вклучување на двете можности: професионално усовршување и кариерен развој. Мери Нашоку од МКЦ, нагласи дека станува збор за меѓусекторско вмрежување, што е доста позитивно, а Никола Димковски од Регионалната стопанска комора, нагласи дека ова е добар начин за да се согледа каде ќе се движи развојот на идната економија и врз основа на тоа да се креираат соодветни програми. Исто така, беше нагласено дека потребно е усогласување на програмите на различните нивоа: основно – средно – високо образование.

Гоце Марковски, потенцира дека ова е начин младите да се мотивираат и да се задржат во Битола, зошто факт е дека работни места има, но општествено политичките и економските услови се причина за иселување.

Јешим Сејфуловска информираше за вклучување и на работодавачите и на невработените кои од страна на Центарот за вработување ќе бидат известени преку пораки. Балтовска побара брзо изготвување на агендата и активно вклучување на сите чинители со цел масовност на настанот, а исто така беше потенцирана и можноста за вклучување на учениците од основно образование (осмо и деветто одделение). Како првична локација, беше истакнат Плоштад Магнолија, по што се отвори дискусија по однос на локацијата, а од страна на советникот Борче Корлевски, беше предложено дисперзирање и тематско поврзување на содржините во Старата битолска чаршија со вклучување на занаети и нивна презентација. Предлогот се однесуваше на локациска и организациска поврзаност на двете страни и вклучување на Комората на занаетчии. Со оглед на краткиот рок за реализација на настанот беше заклучено дека, оваа година, истиот ќе биде организиран на една локација, УКЛО да биде носител на активноста, а во иднина да се размисли за дисперзирање на настанот.

Марковски, информираше и за повикот за Универзитетска летна пракса, кој е многу добра можност и за студентите, но и за општината и јавните претпријатија, да се покрие недостатокот во летниот период.

Точката 5 беше едногласно усвоена.

По точката 6 Разно немаше дискусија од присутните.

Седницата заврши во 14:20.

**Заклучоци:**

**1, Да се достави допис од ЛЕСС Битола и да се номинира претставник од страна на КСС на местото на Зоран Михајловски**

**2. Извештајот и акцискиот план на ЛЕСС да се достават на разгледување и усвојување од страна на Советот на општина Битола на седницата во април**

**3. Да се изготви Стратегијата за локален економски развој, истата да се достави на разгледување од членовите на ЛЕСС (членовите да се изјаснат, доколку е потребно на он-лајн состанок), а потоа да се даде на усвојување од Советот на општина Битола (јуни 2023)**

**4. Да се даде поддршка и активна вклученост во организација на „Отворен ден – нови перспективи" (Саем за кариера), чиј носител на организациските подготовки е УКЛО Битола**

Записникот го водеше:

**Секретар на ЛЕСС Битола**

**Цветанка Ристевска**

**Одобрил:**

**Претседавач**

**Гордана Балтовска**